РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

# СОВЕТУВАЊЕ НА ТЕМА:

# „Дискриминација и вознемирување на работно место (мобинг)“

**Скопје**
**04 март 2024 година**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

ACJO
Академија за судии
и јавни обвинители

## ЦЕЛНА ГРУПА НА УЧЕСНИЦИ

Советувањето е наменето за судските и јавнообвинителските службеници од сите апелациони подрачја како и за службениците од Врховен суд на РСМ, Виш управен суд и Управен суд.

## КРАТОК ПРЕГЛЕД И ЦЕЛИ НА ОБУКАТА

Обуката на тема „Дискриминација и вознемирување на работното место (мобинг)" ги опфаќа темите кои произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за заштита од вознемирување на работно место, односно правата кои вработените ги имаат согласно наведените закони. За време на обуката ќе се направи дистинкција на Дискриминацијата со Мобингот на работното место, односно ќе се објасни разликата помеѓу вознемирувањето врз дискриминаторска основа и психолошкото вознемирување,односно мобингот.

Обуката ќе опфати, поим и видовите на мобинг, кој се може да биде вршител на вознемирување на работно место, местото и време на вршење на вознемирување на работно место, психичко и полово вознемирувањена за време на работата, однесувања и активности кои не се сметаат за вознемирување на работно место, како и постапката за заштита од вознемирување на работно место во рамките кај работодавачот и пред надлежен суд. Исто така учесниците ќе се запознаат и со роковите, со претходна постапка и спроведување на постапка за посредување и постигнувањето на спогодба.

Обуката се спроведува со цел запознавање на судските и јавнообвинителските службеници со одредбите од Законот за заштита од дискриминација, Законот за заштита од вознемирување на работното место, Законот за работни односи, но и одредбите од другите позитивни закони кои ја тангираат оваа материја.

## МАТЕРИЈАЛ

- Презентации од излагачите

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБУКАТА

Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Бул. „Јане Сандански“ број: 12
1000 Скопје

## ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКАТА

**Ивана Милановиќ**, Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Електронска пошта: Ivana.Milanovik@jpacademy.gov.mk и тел. 02/2401-572

## ИЗЛАГАЧИ

**м-р Лидија Таневска Јадровска**, самостоен судски советник во Врховен суд на Република Северна Македонија
**м-р Маја Ристова**, адвокат од Адвокатска канцеларија Ристова

## П Р О Г Р А М А

**04 март 2024 година (понеделник)**

10:00-12:15 **Дискриминација и вознемирување на работно место (мобинг)**

- Прашања и дискусија

**м-р Лидија Таневска Јадровска**,
Врховен суд на РСМ

12:15-12:30 Пауза

12:30-14:45 **Дискриминација и вознемирување на работно место (мобинг)**

- Прашања и дискусија

**м-р Маја Ристова**,
Адвокатска канцеларија Ристова

14:45 Пополнување на прашалник за оценка на обуката

АСЈО
Академија за судии и јавни обвинители